Р Е Ф Е Р А Т

ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ ВОНРЕДЕН ПРОФЕСОР ЗА НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ ОФТАЛМОЛОГИЈА НА ФАКУЛТЕТ ЗА МЕДИЦИНСКИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП

Со Одлука бр. 2002-304/23 од 23.9.2026 година донесена на 364. седница на Наставно-научниот совет на Факултет за медицински науки, одржана на 23.9.2026 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите звања за наставно-научната област офталмологија (3.02.00.26) на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, во следниов состав:

- проф. д-р Страхил Газепов, редовен професор за наставно-научната област офталмологија, вработен во Клиничка болница - Штип и на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев» – Штип, претседател;
- проф. д-р Невенка Лабан-Гучева, редовен професор во пензија за наставно-научната област офталмологија, член;
- проф. д-р Билјана Ивановска-Аџиевска, насловен вонреден професор за наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки, вработена во ПЗУ Специјализирана болница по офталмологија „Деница“, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Слободен печат” и „Коха” на 5.9.2026 година и во предвидениот рок се пријави:

доц. д-р Беким Татеши, доктор на медицински науки – клиничка медицина, специјалист по офталмологија, вработен во ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести при Клиничкиот центар во Скопје.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип да му го поднесеме следниов

И З В Е Ш Т А Ј

Биографски податоци

Доц. д-р Беким Татеши е роден на 13.9.1969 година во Струга. Основно училиште завршил во ОУ „Браќа Миладиновци” во Струга. Средно училиште завршил во ЦСО „Хајдар Души“ во Ѓаковица, Косово, насока лаборант по биологија, со просечен успех 5,00. Добитник е на Вукова награда за одличен успех. Дипломирал на Медицински факултет во Загреб, Република Хрватска, во 1998 година, со просечен успех 8.03.

По завршен стаж и полагање на државниот испит бил ангажиран во Заводот за нефрологија во Струга, како лекар секундарец во Одделот за хронична хемодијализа.

Во 2002 година добил и ја започнал специјализацијата по офталмологија во Универзитетската клиника за очни болести во Скопје. На 15.3.2007 година со успех го положил специјалистичкиот испит и се стекнал со звање специјалист по офталмологија и е систематизиран во Одделот за страбизам и педијатриска офталмологија.

Во 2008 година се стекнал со титула помлад асистент на Медицински факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје по предметот Офталмологија.

Во 2009 година, под супервизија на проф. д-р Ана Орос, првпат го воведува скринингот на прематурна ретинопатија во Р Македонија.

Во 2011 година учествувал со оригинален труд на Веил Корнел Сминарот во Салцбург, Австрија, и добил прва награда од Медицинскиот колеџ *Веил Корнел* во соработка со Австриско-американската фондација.

Во 2012 год. запишал трет циклус студии во Школата за докторски студии при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, насока Клиничка медицина - Офталмологија и истите ги завршил со просечна оценка 9,37 со 181 ЕКТС кредити. Докторската дисертација под наслов „Прематурна ретинопатија – скрининг и современа терапија“ ја одбранил во 2016 година и се стекнал со научно звање: доктор на медицински науки – клиничка медицина.

Во 2022 година бил избран за наставник во насловно звање насловен доцент на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во наставно-научната област офталмологија, а во 2024 година е избран во наставник со наставно-научно звање доцент во наставно-научната област офталмологија на Факултет за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

Во 2024 година кандидатот добил Благодарница од Унијата на здруженија предводени од ЗМСТАС „За нас“, за особен придонес и развој на сестринската професија во нашата земја.

Во 2025 година е добитник на „Плакета за најдобар труд“ од Лекарската комора на Република Северна Македонија за трудот „Скрининг за прематурна ретинопатија кај предвремено родени деца во Република Северна Македонија – 15-годишни резултати (2009–2024)“.

Како специјалист-офталмолог е вработен во Универзитетската клиника за очни болести во Скопје, од 2005 година, каде што работи и до денес, во дијагностика, третман и следење на пациентите со различна офталмолошка патологија. Учествува со сопствени трудови и излагања на седум македонски и четиринаесет меѓународни офталмолошки конгреси. До сега има објавено десет научни труда во списанија со импакт фактор, како и десет труда во списанија со меѓународен уредувачки одбор. Во 2013 година бил на студиски престој во Офталмолошката клиника за микрохирургија на око во Киев, Украина. Во 2014 година во Медицинскиот факултет при Универзитетот Церахпаша во Истанбул, Турција за хирургија на страбизам и конгенитална катаракта како и на Медицинскиот факултет, при Медицинскиот универзитет во Софија, Булгарија за едукација во полето на детска офталмологија и хирургија на страбизам.

Бил член на Македонско списание за офталмологија и рецензент на стручно-научно списание Медикус, Physioacta и Архиви на јавно здравје.

Бил член на Испитна комисија за полагање на прв дел од стручен испит, Лекарска комора на Република Македонија, 20.9.2016 год., 18.12.2023 год. и 23.12.2023 год.

Во 2017 год. бил член на Комисија за ревизија на наод, оцена и мислење за утврдување на инвалидност, односно неспособност за работа при Владата на Р Македонија, Министерство за труд и социјална политика.

Во 2017 год. бил член на Комисија за лекови за хумана употреба при Агенција за лекови и медицински средства – МАЛМЕД.

Во 2023 год. од страна на Министерството за здравство, а по барање на Факултетот за медицински науки, добива *овластување* за ментор од областа на офталмологија, заради реализација на планот и програмата за специјализација по офталмологија.

Од 2026 год, е рецензент на списанието „Dove Medical Press" од Нов Зеланд.

Член е на повеќе медицински организации како: Здружение на офталмолози на Република Македонија, Здружението на офталмолози на Република Хрватска, Европскотото здружение за страбизам, Американската академија за офталмологија (AAO), Европско здружение за катаракта и рефрактивна хирургија.

Одлично ги владее македонскиот, албанскиот, англискиот, хрватскиот и турскиот јазик.

Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање вонреден професор

Општи и посебни услови кои доц. д-р Беким Татеши ги исполнува за избор во звање согласно со Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научно звање на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Општи услови:

– Просек од додипломски студии – 8,03 (Медицински факултет при Универзитет во Загреб);

– Специјализација по офталмологија (завршена на Катедрата по офталмологија на Медицинскиот факултет, УКИМ);

– Научен степен - доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа офталмологија, стекнат на Медицинскиот факултет при УКИМ;

– во последните пет години (пред објавување на огласот за избор) има објавено четиринаесет научни трудови во меѓународно признаени списанија, индексирани во меѓународни бази на податоци, согласно со Законот за високо образование;

– Има способност за изведување на високообразовна дејност.

Посебни услови:

Кандидатот доц. д-р Беким Татеши ги исполнува посебните услови за избор во наставно-научно звање вонреден професор, и тоа:

1. Кандидатот е автор на рецензираниот ракопис „Бинокуларен вид", наменет како универзитетско учебно помагало за студентите на студиските програми Општа медицина и Оптометрија при Факултетот за медицински науки на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип. Согласно со Одлука бр. 2002/89-16 од 6. 3.2026 година, формирана е Рецензентска комисија, која по извршената рецензија констатирала дека ракописот претставува стручно и научно засновано дело, усогласено со наставните програми, ги исполнува критериумите за објавување како универзитетско учебно помагало и предложила негово издавање.

2. Кандидатот остварува континуирана меѓународна научноистражувачка соработка како член на Global Retinoblastoma Study Group, со учество во меѓународно собирање и анализа на податоци и во подготовка на мултицентрични научни публикации. Како резултат на оваа соработка, во периодот 2022–2026 година се објавени повеќе научни трудови од областа на ретинобластомот во реномирани меѓународни научни списанија, меѓу кои *Eye*, *British Journal of Ophthalmology*, *Ophthalmology Retina* и *JAMA Ophthalmology*.

3. Кандидатот има континуиран придонес во стручното и практичното оспособување на помлади лекари и соработници од областа на офталмологијата преку непосредна клиничка едукација и менторство во рамките на специјалистичката едукација.

Наставно-образовна и научноистражувачка дејност

Врз основа на член 75 од Законот за високо образование, член 33 од Статутот на Медицински факултет - Скопје, Наставно-научниот совет на својата 15. редовна седница, одржана на 22.5.2008 година, донесува Одлука за избор на д-р Беким Татеши за избор на помлад асистент по предметот Офталмологија. Според предвидената програма, ги организирал вежбите од горенаведениот предмет.

Во 2022 година кандидатот доц. д-р Беким Татеши е избран во насловен доцент, а подоцна во 2024 година во доцент за наставно-научната област офталмологија на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Оттогаш активно е вклучен во изведување на теоретска и практична настава по предметите Офталмологија за студентите од студиската група Општа медицина, како и Патологија и патофизиологија на очни болести, Контактни леќи 1, Контактни леќи 2 и Фармакологија на око на студиската програма од прв циклус Оптометрија и очна оптика.

Ангажиран е и како наставник на втор циклус студии, студиска програма Специјалистички стручни студии по оптометрија, по предметот Педијатриска оптометрија.

Ментор, а воедно и член на комисија на 12 дипломски работи (прв циклус студии) и член на комисија за одбрана на 6 специјалистички трудови од Специјалистички стручни студии по оптометрија на ФМН при УГД-Штип.

Во 2025 година кандидатот бил член на Научниот одбор на Четвртиот интернационален студентски конгрес на општа медицина – ИСКОМ 2025, организиран од Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, одржан од 15 до 17 мај 2025 година.

Во просториите на ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести врши едукација на специјализанти запишани на специјализација по офталмологија.

Актуелно е ментор на шест специјализанти запишани на специјализација по офталмологија на ФМН при УГД – Штип.

Доц. д-р Беким Татеши, покрај високата професионалност во стручниот ангажман, покажува и посебен интерес кон научноистражувачката работа. Има објавено дваесет трудови во меѓународни, индексирани научни списанија и околу четириесет трудови објавени во книгите на апстракти. Учествува на бројни конгреси, симпозиуми, семинари, како во земјава така и во странство. Активното учество го реализира со презентација на оригинални трудови и како поканет предавач. Од особен интерес и се истражувањата од полето на

прематурна ретинопатија, хирургија на страбизам, детска офталмологија и факохирургија.

Во овој извештај се елаборирани и евалуирани трудовите на доц. д-р Беким Татеши публикувани само во последните пет години.

Бр.	Автор	Наслов на трудот	Списание	Година на излегување на списанието
1.	Global Retinoblastoma Study Group.	**“Global Patterns of Cross-Border Travel for Retinoblastoma Care”.**	JAMA Ophthalmology. Објавено онлајн на 20.8.2026 (Online ahead of print). DOI: 10.1001/jamaophthalmol.2026.3336	2026 год.
2.	Yael Lustig-Barzelay MD [1], Dupe S. Ademola-Popoola MD, FMCOph [2 3], Mazin Faisal Al-Jadiry MD [4], Rolika Bansal MD [5], Franco Benvenuto MD [6], Richard Bowman MA, MD [7 8], Nathalie Cassoux MD, PhD [9], Shabana Chaudhry MD [10], Bhavna Chawla MBBS, MS [11], Codruta Comsa MD [12], Lauren A. Dalvin MD [13], Vera Adobea Essuman MBChB, FWACS [14], Lara Sandri MBBCh, FC Ophthal [15], Sandra Elfride Staffieri BAppSc(orth), PhD [16 17], Christina Stathopoulos MD [18], Anne Susanty MD [19], Ido Didi Fabian MD [17*] Global Retinoblastoma Study Group (… **Bekim Tateshi, Md, PhD** …)	**“Increasing Familial Retinoblastoma in High-Income Countries despite Stable Overall Incidence, 2017 to 2024”**	Ophthalmology Retina, Volume 10, Issue 9 Pages A1-A16, e81-e94, 897-980 (September 2026) https://doi.org/10.1016/j.oret.2026.06.025	2026 год.
3.	Global Retinoblastoma Study Group (… **Bekim Tateshi**, MD, PhD …)	**Global Retinoblastoma Service Availability in 2024 and Equity Trends Since 2017**	Br J Ophthalmol, 2026 Sep 2:bjo-2026-329476. DOI: 10.1136/bjo-2026-329476	2026 год.
4.	Richard Bowman, Mattan Arazi, Nathalie Cassoux, Allen Foster, Nir Gomel, Noa Kapelushnik, David MacLeod, Ido Didi Fabian for the Global Retinoblastoma Study Group (… **Bekim Tateshi, MD, PhD** …)	**Retinoblastoma Outcomes in Europe: A Prospective Analysis of 483 Patients from 40 Countries**	Eye volume 40, pages390–398 (2026) DOI: 10.1038/s41433-025-04144-y	2026 год.

5.	**Tateshi B.[1],[3],** Pandilov S.[1],[2], Tateshi-Veliu E.[3],[4] [1] University Clinic for Eye Diseases, Skopje, North Macedonia [2] Faculty of Medicine, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Skopje, North Macedonia [3] Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia [4] Department of Ophthalmology, City General Hospital "8th September", Skopje, North Macedonia	**Diagnostic Evaluation and Surgical Treatment of Exotropia in a Patient with Straatsma Syndrome – Case Report**	Academic Medical Journal. Vol. 5 No. 3 (2025): Acad Med J DOI: 10.53582/AMJ2553216t	2025 год.
6.	Kaliki S., Vempuluru V.S., Fabian I.D.; Global Retinoblastoma Study Group (group member and collaborator: **Bekim Tateshi, MD, PhD**)	**Retinoblastoma with and without Extraocular Tumor Extension: A Global Comparative Study of 3435 Patients**	Ophthalmology Science. 2025;5(2):100637. DOI: 10.1016/j.xops.2024.100637 PMID: 39758129	2025 год.
7.	Mihajlovski G., **Tateshi B.** Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Shtip, North Macedonia	**Screening for Retinopathy of Prematurity**	KNOWLEDGE – International Journal. 2025;68(4):481–485. ISSN 1857-923X (Print); ISSN 2545-4439 (Online). https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/article/view/7165	2025 год.
8.	Shukarova Stefanovska E.[1], Maleva Kostovska I.[1], Noveski P.[1], Pandilov S.[2], **Tateshi B**.[2], Trpevska Shekerinov N.[2], Dimitrova G.[3], Plaseska-Karanfilska D.[1] [1] Macedonian Academy of Sciences and Arts, Research Centre for Genetic Engineering and Biotechnology, Skopje, North Macedonia [2] University Clinic for Eye Diseases, Faculty of Medicine, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Skopje, North Macedonia [3] Department of Ophthalmology, City General Hospital "8th September", Skopje, North Macedonia	**Unveiling the Genetic Landscape of Visual Impairment in North Macedonia: Insights from Whole Exome Sequencing**	European Journal of Human Genetics. 2025;33(Suppl 1). Abstract P04.056.C. Presented at the 58th European Society of Human Genetics (ESHG) Conference, Milan, Italy, 24–27 May 2025. https://www.nature.com/articles/s41431-025-01935-5	2025 год.

9.	Татеши Е.[1], **Татеши Б**.[2,3], Димитрова-Радојичиќ Д.[4] [1] Универзитет во Тетово, Педагошки факултет, [2] Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, Северна Македонија [3] Универзитетска клиника за очни болести, Скопје, Северна Македонија [4] Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет,	**Рефрактивни грешки кај децата од училишна возраст: преглед на литература**	Medical Journal MEDICUS. 2024;29(1):76–80. ISSN 1409-6366.	2024 год.
10.	**Tateshi B**.[1,2], Pandilov S.[1], Mageroska Spirkoska A.[3], Pepelasheva Jovanova E.[4] [1] University Clinic for Eye Diseases, Skopje, North Macedonia [2] Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Shtip, North Macedonia [3] General Hospital with Extended Activity, Department of Ophthalmology, Prilep, North Macedonia [4] General Hospital, Department of Ophthalmology, Veles, North Macedonia	**Bilateral Uveal Coloboma in Combination with a Systemic Syndrome – A Case Report**	https://amj.mk/index.php/amj/issue/view/12 DOI: 10.53582/AMJ2443127t	2024 год.
11.	Tateshi E.[1], Ameti M.[1], Ilazi A.[1], Dimitrova-Radojichikj D.[2], **Tateshi B**.[3] [1] Faculty of Pedagogy, Institute for Special Education and Rehabilitation, University of Tetovo, Tetovo, North Macedonia [2] Faculty of Philosophy, Institute of Special Education and Rehabilitation, Ss. Cyril and Methodius University in Skopje, Skopje, North Macedonia [3] Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Shtip, North Macedonia	**Visual Impairment in School-Aged Children**	KNOWLEDGE – International Journal. 2024;67(2):331–334. https://ojs.ikm.mk/index.php/kij/issue/view/232	2024 год.
12.	**Tateshi B**.[1,2], Klenkoski S.[1] [1] University Clinic for Eye Diseases, Skopje, North Macedonia [2] Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Shtip, North Macedonia	**Screening for Retinopathy of Prematurity in Preterm Infants Born in North Macedonia: 10-Year Results (2010–2020)**	Acta Medica Balkanica. 2023;8(15–16). https://sites.google.com/unite.edu.mk/acta-medica-balkanica/vol-8-no-15-16-2023	2023 год.

13.	The Global Retinoblastoma Study Group (group member and collaborator: **Bekim Tateshi**, MD, PhD)	**The Global Retinoblastoma Outcome Study: A Prospective, Cluster-Based Analysis of 4,064 Patients from 149 Countries**	The Lancet Global Health. 2022;10(8):e1128–e1140. DOI: https://www.thelancet.com/journals/langlo/article/PIIS2214-109X(22)00250-9/fulltext#	2022 год.
14.	**Беким Татеши** 1 , Сузана Кленкоски 1, *Стефан Пандилов1* 1 Универзитетска Клиника за очни болести	**Brown синдром како последица на родилна траума во предел на десна орбита.**	Medical Journal MEDICUS 27 (1), 134-138 https://www.medalb.com/revista/medicus-prill-2022.pdf	2022 год.

Евалуација на трудовите за избор на доц. д-р Беким Татеши (публикувани во последните пет години)

1.1. "Global Patterns of Cross-Border Travel for Retinoblastoma Care". JAMA Ophthalmology. Global Retinoblastoma Study Group. DOI: 10.1001/jamaophthalmol.2026.3336.

Трудот ја анализира прекуграничната мобилност на децата со ретинобластом заради обезбедување специјализиран третман и разликите во достапноста на здравствената грижа меѓу земјите. Во новата глобална кохорта од 2024 година се проценуваат зачестеноста и факторите поврзани со прекуграничното лекување, со споредба на резултатите со податоците од 2017 година.

Доц. д-р Беким Татеши е член на Global Retinoblastoma Study Group и со учеството во трудот ја продолжува меѓународната мултицентрична научноистражувачка соработка во областа на ретинобластомот.

1.2. Lustig-Barzelay Y., Ademola-Popoola D.S., Al-Jadiry M.F., et al., Global Retinoblastoma Study Group. "Increasing Familial Retinoblastoma in High-Income Countries despite Stable Overall Incidence, 2017 to 2024." Ophthalmology Retina. 2026.

Трудот претставува меѓународна мултицентрична студија на Global Retinoblastoma Study Group, во која се анализираат податоци од 33 земји со висок приход, со споредба на инциденцата на ретинобластом и застапеноста на фамилијарниот ретинобластом во 2017 и 2024 година. Анализата опфаќа 538 деца во 2017 и 434 деца во 2024 година. Резултатите покажуваат дека вкупната инциденца на ретинобластом останала стабилна, додека процентот на фамилијарен ретинобластом значајно се зголемил од 7,1% на 10,4% (p=0,017), што претставува релативно зголемување од 46,5%. Наодите имаат значење за генетското советување и стратегиите за следење на семејствата со наследен ризик.

Кандидатот доц. д-р Беким Татеши е член на Global Retinoblastoma Study Group и учествува во оваа меѓународна научноистражувачка соработка. Трудот е објавен во Ophthalmology Retina, списание на American Academy of Ophthalmology, издавано од Elsevier.

1.3. Global Retinoblastoma Study Group (… **Bekim Tateshi**, MD, PhD …) "Global Retinoblastoma Service Availability in 2024 and Equity Trends Since 2017". Br J Ophthalmol, 2026 Sep 2:bjo-2026-329476. Кандидатот доц. д-р Беким Татеши е член на Global Retinoblastoma Study Group и како дел од оваа меѓународна

истражувачка група учествува во глобалната научноистражувачка соработка во областа на ретинобластомот.

Во трудот е анализирана глобалната достапност на дијагностичките и терапевтските услуги за ретинобластом во 2024 година, како и промените во нивната распределба во однос на економското ниво на земјите во споредба со 2017 година. Истражувањето има исклучително широк меѓународен опфат и вклучува 438 центри од 145 земји, додека лонгитудиналната анализа опфаќа 246 центри од 124 земји.

Резултатите покажуваат подобрување на глобалната достапност на услугите за ретинобластом во периодот 2017–2024 година, со особено зголемување на достапноста на генетското тестирање, интравитреалната хемотерапија и криотерапијата. И покрај намалувањето на економските нееднаквости, напредните дијагностички постапки и современите терапии насочени кон зачувување на окото и понатаму се претежно достапни во земјите со повисоки приходи.

Трудот има значајна научна и клиничка вредност, бидејќи обезбедува глобални споредливи податоци за развојот и достапноста на современата грижа за пациентите со ретинобластом и ги идентификува областите во кои сè уште постојат значајни нееднаквости.

Учеството на кандидатот како член на Global Retinoblastoma Study Group во оваа голема меѓународна мултицентрична студија претставува значаен сегмент од неговата меѓународна научноистражувачка активност и соработка во областа на офталмологијата и ретинобластомот.

1.4. Richard Bowman, Mattan Arazi, Nathalie Cassoux, Allen Foster, Nir Gomel, Noa Kapelushnik, David MacLeod, Ido Didi Fabian for the Global Retinoblastoma Study Group (…**Bekim Tateshi, MD, PhD**…). "Retinoblastoma Outcomes in Europe: A Prospective Analysis of 483 Patients from 40 Countries". Eye volume 40, pages390–398 (2026). Кандидатот доц. д-р Беким Татеши е член на Global Retinoblastoma Study Group и е наведен како член на истражувачката група во овој труд, со што учествува во голема меѓународна мултицентрична научноистражувачка соработка во областа на ретинобластомот.

Трудот претставува проспективна анализа на 483 деца со ретинобластом од 40 европски земји, дијагностицирани во текот на 2017 година и следени во период од три години. Анализирани се клиничката презентација, применетите терапевтски модалитети и исходите од лекувањето, со посебен осврт на влијанието на економскиот статус на земјите.

Резултатите покажуваат дека 70% од пациентите имале унилатерален, а 30% билатерален ретинобластом. Екстраокуларна болест при презентацијата била регистрирана кај само 0,8% од децата, но била поврзана со значително повисока смртност. Кај децата од земјите со среден приход почесто била присутна болест во напреднат стадиум, а смртноста од ретинобластом била повисока во споредба со земјите со висок приход. И покрај примената на современи терапевтски пристапи, 58% од децата биле подложени на енуклеација, што укажува дека зачувувањето на окото останува значаен терапевтски предизвик.

Трудот има значајна научна и клиничка вредност бидејќи обезбедува проспективни мултинационални податоци за лекувањето и тригодишните исходи на ретинобластомот во Европа и укажува на влијанието на економските нееднаквости врз стадиумот на болеста и преживувањето.

Учеството на доц. д-р Беким Татеши како член на Global Retinoblastoma Study Group во оваа проспективна студија од 40 европски земји претставува значаен придонес во неговата меѓународна научноистражувачка активност и ја потврдува неговата континуирана вклученост во меѓународни мултицентрични истражувања од областа на ретинобластомот.

1.5. **Татеши Б.**, Пандилов С., Татеши-Велиу Е. "Diagnostic Evaluation and Surgical Treatment of Exotropia in a Patient with Straatsma Syndrome – Case Report". Academic Medical Journal. Vol. 5 No. 3 (2025): Acad Med J. Трудот прикажува редок клинички случај на Стратсма синдром, офталмолошка состојба која се карактеризира со тријада од миелинизирани ретинални нервни влакна, висока миопија и амблиопија. Прикажан е 22-годишен пациент со висока унилатерална миопија, амблиопија и миелинизирани ретинални нервни влакна долж долната темпорална аркада, придружени со хипоплазија на оптичкиот нерв и егзотропија со голем агол.

Поради изразената егзотропија била извршена хируршка корекција од козметички причини. Особено значаен аспект на случајот е присуството на тешко оштетување на видната функција како последица на амблиопија која не била лекувана во детството. Со тоа трудот ја нагласува важноста на раното препознавање и навремената дијагноза на Стратсма синдромот, со цел навремено започнување на третманот на амблиопијата и спречување на трајно намалување на видната функција.

Научно-стручната вредност на трудот произлегува од приказот на ретка офталмолошка состојба и нејзината комплексна поврзаност со рефрактивни, ретинални, неврофталмолошки и страбизмички промени. Трудот претставува придонес кон клиничката офталмологија, особено во областа на страбизмологијата, амблиопијата и педијатриската офталмологија, и ја истакнува потребата од рана дијагноза и навремено лекување кај пациентите со Стратсма синдром.

1.6. Kaliki S., Vempuluru V.S., Fabian I.D.; Global Retinoblastoma Study Group (group member and collaborator: **Bekim Tateshi, MD, PhD**). "Retinoblastoma with and without Extraocular Tumor Extension: A Global Comparative Study of 3435 Patients". Ophthalmology Science. 2025;5(2):100637. Кандидатот доц. д-р Беким Татеши е член на Global Retinoblastoma Study Group и како дел од оваа меѓународна истражувачка група учествува во глобалната мултицентрична научноистражувачка соработка во областа на ретинобластомот. Трудот претставува голема проспективна, мултицентрична и интерконтинентална студија, во која се анализирани 3.435 пациенти со ретинобластом, од кои 319 со екстраокуларна туморска екстензија и 3.116 без екстраокуларна екстензија. Основната цел е да се споредат начинот на лекување, појавата на системски метастази и смртноста кај двете групи пациенти. Резултатите покажуваат јасна поврзаност помеѓу екстраокуларната екстензија на ретинобластомот и економското ниво на земјата. Екстраокуларна болест била значително почеста кај пациентите од земјите со низок приход. Кај пациентите со екстраокуларна екстензија биле утврдени значително повисоки стапки на системски метастази и смртност во споредба со пациентите без екстраокуларна екстензија. Анализата дополнително покажала дека тримодалниот терапевтски пристап – интравенска хемотерапија, хируршки третман и надворешна радиотерапија – е поврзан со подобар исход во споредба со терапевтските протоколи во кои

не е вклучена радиотерапија. Научната и клиничката вредност на трудот се состои во големиот број пациенти, глобалниот карактер на истражувањето и идентификацијата на важни прогностички и социоекономски фактори поврзани со напреднатата форма на ретинобластом. Резултатите имаат непосредно клиничко значење за изборот на терапевтскиот пристап кај пациентите со екстраокуларна туморска екстензија.

Учеството на доц. д-р Беким Татеши како член на Global Retinoblastoma Study Group во оваа голема интерконтинентална студија претставува значаен сегмент од неговата континуирана меѓународна научноистражувачка активност и придонес во истражувањата од областа на ретинобластомот и офталмолошката онкологија.

1.7 Mihajlovski G., **Tateshi B.**, "Screening for Retinopathy of Prematurity", KNOWLEDGE – International Journal. 2025;68(4):481–485. Трудот ја обработува прематурната ретинопатија (ROP) како значајно вазопролиферативно заболување на незрелата ретина кај предвремено родените деца и ја нагласува важноста на организираниот и навремен офталмолошки скрининг за спречување на тешко оштетување на видот и слепило. Авторите ги анализираат главните фактори на ризик за развој на ROP, меѓу кои особено се издвојуваат ниската гестациска возраст, ниската родилна тежина и потребата од дополнителна кислородна терапија. Посочено е дека ризикот е особено висок кај новороденчињата со родилна тежина под 1.000 g и кај децата родени пред 27. гестациска недела. Дополнително значење имаат придружните неонатални состојби, како инфекции, интравентрикуларна хеморагија, бронхопулмонална дисплазија и хипергликемија.

Посебно внимание во трудот е посветено на значењето на раното откривање на заболувањето и тесната соработка помеѓу офталмолозите и неонатолозите. Навременото препознавање на ризичните новороденчиња и редовните офталмолошки прегледи овозможуваат рано откривање на ретиналните промени и навремено насочување кон третман, со што се намалува ризикот од трајно оштетување на видот. Научно-стручната вредност на трудот се состои во систематизирањето на ризик-факторите и истакнувањето на скринингот како клучна превентивна мерка кај предвремено родените деца. Кандидатот доц. д-р Беким Татеши е коавтор на трудот, кој е директно поврзан со неговата потесна научна и клиничка област на интерес – прематурна ретинопатија. Трудот претставува придонес кон унапредувањето на раното откривање, превенцијата на тешко оштетување на видот и подобрувањето на квалитетот на живот кај предвремено родените деца.

1.8 Shukarova Stefanovska E., Maleva Kostovska I., Noveski P., Pandilov S., Tateshi B., Trpevska Shekerinov N., Dimitrova G., Plaseska-Karanfilska D.

"Unveiling the Genetic Landscape of Visual Impairment in North Macedonia: Insights from Whole Exome Sequencing". Трудот претставува значајна молекуларно-генетска анализа на причините за оштетување на видот кај пациенти од Северна Македонија. Со примена на секвенционирање на целиот егзом (WES) кај 44 пациенти, авторите идентификувале каузални патогени варијанти кај 34 пациенти (77,3%), при што од вкупно 35 различни патогени варијанти, девет биле новооткриени. Резултатите укажуваат на изразена генетска хетерогеност на наследните заболувања поврзани со оштетување на видот. Најчесто бил засегнат генот ABCA4, а биле идентификувани и

патогени варијанти во повеќе автозомно рецесивни, автозомно доминантни и Х-поврзани гени. Високиот процент на молекуларно потврдени случаи ја истакнува практичната вредност на WES во дијагностиката на наследните офталмолошки заболувања. Трудот има научно и клиничко значење бидејќи ја поврзува современата генетска дијагностика со офталмолошката клиничка практика и придонесува за попрецизна дијагноза, прогноза, генетско советување и планирање на соодветен терапевтски пристап кај пациентите со наследни оштетувања на видот. Учеството на кандидатот доц. д-р Беким Татеши во ова мултидисциплинарно истражување претставува придонес во научноистражувачката соработка меѓу офталмологијата и молекуларната генетика.

1.9. Ермира Татеши, **Беким Татеши**, Даниела Димитрова-Радојичиќ. „Рефрактивни грешки кај децата од училишна возраст: преглед на литература“, Medical Journal MEDICUS. 2024;29(1):76–80. Трудот претставува преглед на литературата за рефрактивните грешки кај децата од училишна возраст, со фокус на нивната застапеност, видовите рефрактивни аномалии и улогата на семејната анамнеза. Авторите го истакнуваат значењето на некоригираните рефрактивни грешки како превентабилна причина за оштетување на видот, со посебен осврт на изразениот пораст на преваленцијата на миопијата во последните две децении. Нагласена е потребата од рано откривање и навремена корекција на рефрактивните грешки кај децата, со цел спречување на трајно оштетување на видната функција. Трудот има стручно и превентивно значење во областа на педијатриската офталмологија и оптометријата, бидејќи ја потенцира важноста на навремените офталмолошки прегледи и корекцијата на рефрактивните аномалии кај училишната популација.

1.10. Tateshi Bekim, Pandilov Stefan, Mageroska Spirkoska Angelka, Pepelasheva Jovanova Eleonora. “Bilateral uveal coloboma in combination with a systemic syndrome – a case report“, **The Academic Medical Journal, 2024;4(3):127-132**. Трудот прикажува редок случај на билатерален увеален колобом кај 9-годишно девојче, придружен со ектродактилија на долните екстремитети, веројатно во рамките на синдромот ектродактилија–ектодермална дисплазија–расцеп. Авторите го истакнуваат значењето на поврзаноста на увеалниот колобом со други конгенитални и системски аномалии, што укажува на потребата од сеопфатна процена на пациентите со вакви офталмолошки наоди. Кај пациентката е спроведено редовно офталмолошко следење со биомикроскопија, фундоскопија, оптичка кохерентна томографија на задниот сегмент и периметрија, со цел навремено откривање на можните офталмолошки компликации. Трудот има стручно и клиничко значење бидејќи прикажува ретка комбинација на билатерален увеален колобом и системска конгенитална аномалија и ја нагласува важноста на долгорочното офталмолошко следење.

1.11 Ermira Tateshi, Makfirete Ameti, Aferdita Ilazi, Daniela Dimitrova-Radojichikj, **Bekim Tateshi,** Visual impairment in school-aged children, KNOWLEDGE – International Journal. 2024;67(2):331–334.Трудот ги анализира причините за оштетување на видот кај децата до 12-годишна возраст, врз основа на ретроспективна анализа на податоци од Универзитетската клиника за очни болести во Скопје за 2023 година. Анализата опфаќа 15.039 деца со дијагностицирано очно заболување. Најзастапен е страбизмот со 56,9% (8.555 деца), по што следуваат рефрактивните грешки со 41,6% (6.258 деца),

додека инфантилната и јувенилната катаракта и конгениталните аномалии на леќата се застапени во значително помал процент. Резултатите ја нагласуваат потребата од рано откривање на страбизмот и рефрактивните грешки и навремена интервенција со цел спречување на долготрајни последици врз видниот развој на детето.

1.12 Bekim Tateshi, Suzana Klenkoski. Screening for Retinopathy of Prematurity in Preterm Infants Born in North Macedonia: 10-Year Results (2010–2020). Acta Medica Balkanica, 2023;8 (15–16). Трудот претставува ретроспективна анализа на десетгодишните резултати од скринингот за ретинопатија на прематуритет (ROP) кај предвремено родени деца во Северна Македонија во периодот 2010–2020 година. Во анализираниот период биле извршени 15.825 прегледи, а во скрининг-програмата биле опфатени 4.518 предвремено родени деца. Активна ROP со индикација за третман била утврдена кај 580 деца (12,84%), при што 345 биле третирани со ласерска фотокоагулација, а 243 со anti-VEGF терапија. Резултатите го потврдуваат значењето на систематскиот скрининг кај предвремено родените деца, особено кај новороденчињата родени ≤30 гестациски недели и/или со родилна тежина ≤1.500 g, како и кај селектирани клинички нестабилни новороденчиња со поголема родилна тежина. Трудот има значајна клиничка и научноистражувачка вредност бидејќи прикажува десетгодишно национално искуство со скринингот и третманот на ROP и е непосредно поврзан со континуираната научна и клиничка дејност на кандидатот во областа на ретинопатијата на прематуритет.

1.13. The Global Retinoblastoma Study Group (group member and collaborator: **Bekim Tateshi, MD, PhD**). "**The Global Retinoblastoma Outcome Study: A Prospective, Cluster-Based Analysis of 4,064 Patients from 149 Countries".** *The Lancet Global Health*. 2022;10(8):e1128–e1140. Трудот претставува голема глобална проспективна студија која опфаќа 4.064 деца со ретинобластом од 149 земји, лекувани во 260 специјализирани центри и следени во период од три години. Резултатите покажуваат изразени разлики во преживувањето во зависност од економското ниво на земјата. Тригодишното преживување изнесувало 99,5% во земјите со висок приход, наспроти 57,3% во земјите со низок приход. Напреднатиот тумор при дијагнозата, ниското економско ниво на земјата и повозрасната возраст при дијагностицирање се идентификувани како фактори поврзани со полошо преживување. Студијата има висока научна и клиничка вредност бидејќи опфаќа приближно половина од сите новодијагностицирани случаи на ретинобластом во светот во 2017 година и укажува на значајните глобални нееднаквости во исходот од лекувањето. Кандидатот доц. д-р Беким Татеши, како член на Global Retinoblastoma Study Group, учествува во оваа обемна меѓународна мултицентрична научноистражувачка соработка од областа на ретинобластомот.

1.14. Brown синдром како последица на родилна траума во предел на десна орбита. Беким Татеши, Сузана Кленкоски, Стефан Пандилов, Универзитетска клиника за очни болести. Medical Journal MEDICUS 27 (1), 134-138. Трудот претставува приказ на редок клинички случај на Brown синдром кај седумгодишно девојче, со анамнестички податок за родилна траума во пределот на десната орбита при вакуум-асистирано породување. Дијагнозата е поставена врз основа на карактеристичната клиничка слика и позитивниот тест на форсирана дукција, при што се разгледуваат можните етиолошки

фактори за појава на синдромот. Во трудот се прикажани дијагностичкиот пристап, диференцијалната дијагноза и клиничкото значење на навременото препознавање на ова ретко нарушување на окуларниот мотилитет. Авторите укажуваат дека родилната траума е можна причина за нарушување на тетивно-трохлеарниот комплекс на горниот кос мускул, при што како алтернативна можност се разгледува и конгенитален Brown синдром.

Трудот има стручно и едукативно значење за офталмолозите, особено во областа на страбологијата и педијатриската офталмологија, бидејќи преку конкретен клинички случај го нагласува значењето на правилната проценка на окуларниот мотилитет и тестот на форсирана дукција во дијагностиката на Brown синдромот.

Трудови презентирани како постери, усни излагања и поканети предавања на меѓународни конгреси и симпозиуми во последните пет години

2.1. Tateshi B., "ROP in North Macedonia: Screening and Treatment (2009–2024)". Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia

Усно излагање на Шестиот светски конгрес за прематурна ретинопатија (World ROP Congress), Фиренца, Италија, 2025 год.

2.2. Tateshi-Veliu E., **Tateshi B. "Ankyloblepharon Filiforme Adnatum: A Rare Case Report of Congenital Eyelid Fusion in a Newborn."** Усно предавање на Петтиот клинички конгрес на Косовскиот колеџ на хирурзи (Kosova College of Surgeons), Приштина, Косово, 2025 година.

https://koscs.org/wp-content/uploads/2025/11/2025-Congress-Abstract-Book-upd-Nov-18-compressed.pdf

2.3. Tateshi B., Dalipi R., Jahja R., Tateshi-Veliu E. **"Pediatric Cataract – Management and Outcomes."** Поканет предавач - усно предавање на Петтиот клинички конгрес на Косовскиот колеџ на хирурзи (Kosova College of Surgeons), Приштина, Косово, 2025 година.

https://koscs.org/wp-content/uploads/2025/11/2025-Congress-Abstract-Book-upd-Nov-18-compressed.pdf

2.4. Tateshi B., Klenkoski S., Jahja R., Tateshi Veliu E., Kostovska B. **"Simple Excision of a Large Limbal Dermoid Cyst in a Pediatric Patient: A Case Report."** E-постер презентиран на 43. Конгрес на Европското здружение на хирурзи за катаракта и рефрактивна хирургија (ESCRS), Копенхаген, Данска, 12–16 септември 2025 година.

https://escrs-distribution.m-anage.com/from.storage?image=HdJUHX5fX6NNUAEfJTWX7tQMPyfvMk3j4zaxRiuNpxqc0Y2N_F2OUYJNseNezXyZ0

2.5. Ermira TATESHI, **Bekim TATESH**I, Daniela DIMITROVA-RADOJICHIKJ, **„Presbyopia: difference in quality of life according to gender and education",**

6th International Scientific Conference of the Faculty of Pedagogy, Faculty of Pedagogy - University of Tetova,

12 – 13 November, 2025 at University of Tetova, North Macedonia. * Corresponding Author: e-mail: ermiratateshi@gmail.com

https://sites.google.com/unite.edu.mk/pedagogy-conference/program

2.6. Excessive Smartphone Use – A Cause of Acute Acquired Concomitant Esotropia, Selimi Ademi D.[1], Dalipi R.[2], **Tateshi B.[2],[3],**

[1]Department of Ophthalmology, General Hospital, Kumanovo, North Macedonia

[2]University Clinic for Eye Diseases, Skopje, North Macedonia

[3]Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia

Presented at the Professional Medical Meeting of the Association of Albanian Medical Doctors in North Macedonia, Struga, 2025.

https://www.medalb.com/wp-content/uploads/2025/10/Libri-i-abstrakteve-struge-2025.pdf

2.7. Tateshi B., Gazepov S., Kostovska B. **"Retinopathy of Prematurity in North Macedonia: Screening and Treatment (2009–2024)."** Поканет предавач - усно предавање на XIII Меѓународен симпозиум на Фондацијата „Национална академија за глауком" (National Academy of Glaucoma), Бугарија, 2024 година.

https://bglekari.bg/9-novini/545-xiii-mezhdunaroden-simpozium-na-fondatziya-natzionalna-akademiya-glaukoma

2.8. Kostovska B., Gazepov S., **Tateshi B. "The Importance of Thrombophilia Screening in Young Patients with Retinal Vein Occlusion."**

Усно презентиран на XIII Меѓународен симпозиум на Фондацијата „Национална академија за глауком" (National Academy of Glaucoma), Бугарија, 2024 година.

https://bglekari.bg/9-novini/545-xiii-mezhdunaroden-simpozium-na-fondatziya-natzionalna-akademiya-glaukoma

2.9. Татеши Б. „Ретинопатија на прематуритет во Северна Македонија – скрининг и терапевтски предизвици."
Поканет предавач - усно предавање на Здружението на неонатолози на Република Северна Македонија, 2024 година.

Официјална програма – Неонатологија 2024

2.10. Беким Татеши, Минимална хирургија на страбизам
Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев", Штип, Северна Македонија

Поканет предавач - пленарно предавање на Третиот конгрес на студенти по Општа медицина 17-18 мај 2024 г.

https://fmn.ugd.edu.mk/images/2024/08/kniga-apstrakti-kongres-2024.pdf

2.11. Kostovska B., Sofronijevikj M., Tateshi E., Angelovski L., Sotirovski B., **Tateshi B. "Blepharoxanthogranuloma: A Rare Ocular Manifestation of Xanthogranuloma Necrobioticum."**

42nd Congress of the ESCRS will take place at Fira de Barcelona (Gran Via), Spain, from 6 to 10 September 2024.

https://escrs-distribution.m-anage.com/from.storage?image=6yGc-HBwvfiAHrgZ0STQFfBmkNUup3xFEEKjuBwTTmqfSuOuTFL5EL6v2zKkUE6B0

2.12. "Retinopathy of prematurity-treatment with anti-VEGF"
Bekim TATESHI

1* Faculty of medical sciences, University Goce Delchev, Stip,

2* University Eye Clinic, Skopje,

2nd Congress of Pan Albanian Ophthalmology Society, Tirana, 20-21 September, 2024

https://paao.al/programi/

2.13. "Treatment of Childhood Myopia with Atropine 0.01%"

Tateshi B 1., Gjorgjevska S1., Tateshi E 2,3.

1*University Eye Clinic - Skopje, North Macedonia.

2*Faculty of Medical Sciences, Goce Delcev University, Stip, North Macedonia.

3*The specialized hospital "Sistina ophthalmology" – Skopje, North Macedonia. THE VIII-th NATIONAL CONGRESS OF ALBANIAN OPHTHALMOLOGICAL SOCIETY

26-28 MAY 2023, TIRANA INTERNATIONAL HOTEL & CONFERENCES CENTER, TIRANA, ALBANIA

https://www.shosh-al.com/web/wp-content/uploads/2023/05/kongres-2023-anglisht-3.pdf

2.14. „Квалитет на живот кај лицата со пресбиопија"

Ермира Татеши[1], Даниела Димитрова-Радојичиќ[2], **Беким Татеши[3]**, Бунјамин Мемеди[1]

[1] Универзитет во Тетово. Педагошки факултет, Тетово.

[2] Универзитет „Св. Кирил и Методиј", Филозофски факултет, Институт за специјална едукација и рехабилитација, Скопје.

[3] Универзитетска клиника за очни болести, Скопје.

Факултет за медицински науки, УГД, Штип.

6. Меѓународна научна конференција „30 години студии по специјална едукација и рехабилитација", Охрид, Република С. Македонија, 14 до 16 септември 2023 година.

http://fzf.ukim.edu.mk/em6-мегународна-научна-конференција-30-го/

2.15 Reçi V., **Tateshi B.**, Sharaf Eldin M. **"Anti-Vascular Endothelial Growth Factor Therapy in Non-Age-Related Degenerative Macular Neovascularisation".**

Поканет предавач - усно предавање на Третиот клинички конгрес на Косовскиот колеџ на хирурзи (Kosova College of Surgeons), Приштина, Косово, 12–15 октомври 2023 година.

Abstract Book

2.16 Tateshi B. "Screening for Retinopathy of Prematurity in Premature Babies Born in North Macedonia".

Презентиран на Третиот клинички конгрес на Косовскиот колеџ на хирурзи (Kosova College of Surgeons), Приштина, Косово, 2023 година.

Abstract Book

2.17 E. Tateshi, M. Rexhepi, **B. Tateshi „CYCLIC ESOTROPIA",** University Eye Clinic, Skopje, Macedonia.

XXVIII Professional Medical Meeting.

Association of Albanian Medical Doctors in Macedonia, Struga, 27-29 October, 2023

https://www.medalb.com/wp-content/uploads/2024/04/Libri-i-abstrakteve-2023.pdf

2.18 Tateshi B. "Minimally Invasive Strabismus Surgery: Preliminary Results." 27. Стручен медицински состанок на Здружението на лекари Албанци во Македонија, Струга, 2022 година.

Abstract Book

2.19 Tateshi B., Gjorgjeska S., Sermadzaj A. **"Minimally Invasive Strabismus Surgery."** Презентиран на Вториот клинички конгрес на Косовскиот колеџ на хирурзи (Kosova College of Surgeons), 2022 год.

Abstract Book

Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност

Доц. д-р Беким Татеши е особено активен во унапредување на развојот на детската офталмологија. Воведува два нови методи – скриниг и третман на прематурна ретинопатија со анти-ВЕГФ терапија и ласерфотокоагулација, за прв пат во Македонија. Резултатите од воведувањето на оваа нова постапка, д-р Татеши ги презентира на стручни и научни собири, а исто така е издаден и труд во меѓународно списание поврзан со истата тематика. Вториот новитет е воведување на нови методи на хирургија на страбизам, а тоа е минимална инвазивна техника на хирургија на страбизам.

Во 2025 година кандидатот е именуван за член на Работна група при Министерството за здравство на Република Северна Македонија за подготовка на Упатство за практикување медицина заснована на докази за третман на пациенти со ретката болест „Невронална цероидна липофусциноза – касна инфантилна форма".

Во рамките на континуираната професионална едукација, кандидатот учествувал на повеќе меѓународни едукативни програми реализирани преку Cybersight. Во 2025 година успешно ја завршил програмата „Retinopathy of Prematurity (ROP): Overview of Medical Management" во траење од 1,5 часа. Во 2026 година ги завршил програмите „Retinal Vein Occlusions: From Recognition to Management" во траење од 1 час и „Managing Intraoperative Complications in Adult Cataract Surgery: Prevention, Recognition, and Rescue Strategies" во траење од 1 час, за што се стекнал со соодветни сертификати за професионален развој.

ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Доц. д-р Беким Татеши, доктор на медицински науки – клиничка медицина од областа офталмологија е пријавен кандидат на Конкурсот за избор на наставник во наставно звање вонреден професор за наставно-научната област офталмологија (3.02.00.26) – еден извршител на Факултетот за медицински науки при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип. Тој со офталмолошката дејност професионално се занимава дваесет години. Доц. д-р Беким Татеши е активен во унапредување на работата на кабинетот за прематурна ретинопатија, имплементирајќи сознанија стекнати на бројни работилници и престои во странство. Неговата научноистражувачка дејност е особено фокусирана на скринингот на прематурна ретинопатија, од која област го одбранил и докторатот. Неговите научноистражувачки капацитети се преточени во многубројни трудови, печатени во меѓународни списанија. Во текот на неговата досегашна кариера, има голем број на трудови презентирани како постери и усни излагања на меѓународни конгреси и симпозиуми, додека во повеќе наврати учествувал како поканет предавач од страна на организаторите на научно-стручни собири. Големите познавања во областа на офталмологијата и неговата аналитична природа придонесуваат доц. д-р Татеши да биде препознаен како добар рецензент и до сега рецензирал

единаесет стручни труда. Од степенот на образование, работното искуство, како и научноистражувачката работа, видлива е способноста на доц. д-р Беким Татеши да пристапува кон самостојни истражувања, да анализира и сублимира резултати. Преку неговите бројни ангажмани, покажал еволутивен развој и стремеж кон подобрување на сопствените вештини, подготвен да прифати работни задачи, предизвици и обврски. Врз основа на приложениот материјал, како и во согласност со Законот за високо образование, Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип, Рецензентската комисија има особена чест и задоволство да му предложи на **Наставно-научниот совет на Факултетот за медицински науки при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип да го избере доц. д-р Беким Татеши во звање вонреден професор во наставно-научната област офталмологија на Факултетот за медицински науки при УГД - Штип.**

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА
Проф. д-р Страхил Газепов, претседател, с.р.
Проф. д-р Невенка Лабан Гучева, член, с.р.
Проф. д-р Билјана Ивановска-Аџиевска, член, с.р.

ПРИЛОГ

Табела за вреднување на активностите според критериумите за избор на наставници и соработници на Универзитет „Гоце Делчев”.

Р. бр.	I Наставно-образовна дејност	Поени				Вкупно
4	Избор во звање доцент	30				**30**
	Вкупно					**30**
Р. бр.	**II Научноистражувачка дејност**	**Поени**				
		Во земјава		**Во странство**		**Вкупно**
		број	**поени**	**број**	**поени**	
3	Научен труд објавен во списание со ИФ (прв автор, втор автор, останати автори) (15/10/5) **Трудови под реден број:** **1.1; 1.2; 1.3; 1.4; 1.6; 1.8; 1.13 – останати автори**	7 x 5				**35**
4	Научен труд објавен во меѓународно научно списание (прв автор, втор автор, останати автори) (9/6/3) **Трудови под реден број:** **1.5, 1.10; 1.12, 1.14- прв автор** **1.7; 1.9 - втор автор** **1.11; - останати автори**	4 x 9 = 36 2x6=12 1x3=3				**51**
5	Труд со оригинални научни резултати, објавени во зборник од трудови на научен собир (2,3) **Трудови под реден број:** **2.5; 2.6; 2.14; 2.17; 2.18 - во земјава** **2,1; 2.2; 2.4; 2.8; 2.11; 2.12; 2.13; 2.15; 2.16; 2.19 - во странство**	5x 2		10 x 3		40
6	Пленарно предавање на научен собир (3,6) **Реден број:** **2.9; 2.10 - во земјава** **2.3; 2.7; - во странство**	2 x 3 2 x6				**18**
14	Учесник во научен проект (максимум во три проекти) **International Multicenter Retinoblastoma Studies (2024–2026),** во рамките на Global Retinoblastoma Study Group – учесник во меѓународната истражувачка група			1x 3		**3**
15	Уредник на научно списание (СЦИ/ЦА/останати) (10/6/3) Заменик-уредник на списанието „Vox Medici“, гласило на Лекарската комора на Република Северна Македонија	1 x 3				**3**
20	Член на организациски или научен одбор на научен собир, фестивал Член на Научниот одбор на 4. Интернационален студентски конгрес на општа медицина – ИСКОМ 2025, Факултет за медицински науки, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, 15–17 мај 2025 година	1 x1				**1**

22	Награди-признанија за научни – (5, 10). „Плакета за најдобар труд“, Лекарска комора на Република Северна Македонија, 2025 година, за трудот „Скрининг за прематурна ретинопатија кај предвремено родени деца во Република Северна Македонија – 15-годишни резултати (2009–2024)“	1 x 5		**5**
24	Рецензент на научен труд (СЦИ/ЦА/останати) (2/1.5/1) Рецензент на научен труд „Incidence and Risk Factors for Consecutive Esotropia Following Exotropia Surgery in Children: A Systematic Review and Meta-Analysis“, Clinical Ophthalmology, Dove Medical Press, 2026 година	1.5		**1.5**
	Вкупно			**157.5**
Р. бр.	**III Стручно-апликативна и организациско-развојна дејност**	**Поени**		
		Во земјава		**Вкупно**
		број	**поени**	
1	Книга/учебник „Бинокуларен вид“	1 x 10		**10**
19	Стручни награди и признанија Благодарница за особен придонес и развој на сестринската професија во нашата земја, доделена од Унијата на здруженија предводени од ЗМСТАС „За нас“, Скопје, 11.4.2024 година	1x4		4
27	Член на универзитетски или владини тела Реден број: Член на Работна група при Министерството за здравство на Република Северна Македонија за подготовка на Упатство за практикување медицина заснована на докази за третман на пациенти со ретката болест „Невронална цероидна липофусциноза – касна инфантилна форма“, 2025 година	1x5		5
	Вкупно			19
	ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ			**206.5**